**Република Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**СКОПЈЕ**

# ПОКАНА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПОНУДА

Почитувани,

Министерството за финансии, со седиште на ул. „Даме Груев", бр.14 - Скопје, има потреба од набавка на работи – изведување на градежно-занаетчиски работи за преадаптација на хол во писарница и други градежни работи.

За таа цел, Министерството за финансии спроведува отворена постапка за доделување на договор за јавна набавка на работи, во согласност со член 64 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр.136/07 и 130/08), за што објавува оглас бр.06/2010.

Лице за контакт во врска со предметот на набавката: Јане Севдински, тел. 02/3254184, електронска адреса: jane.sevdinski@finance.gov.mk.

Ги покануваме заинтересираните економски оператори да достават понуда за горенаведениот предмет на договорот за јавна набавка најдоцна до 28.07.2010 година, до 12,00 часот, по пошта или лично со поднесување во писарницата на Министерството за финансии на ул. „Даме Груев" бр.14 –Скопје.

Понудите да се доставaт на начин утврден во член 59 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр. 136/07 и 130/08).

Кон оваа покана е приложена тендерската документација која ги содржи сите информации кои можат да помогнат за изработка на понудата. Заинтересираните економски оператори можат да ја подигнат тендерската документација секој работен ден од 8,30 до 16,00 часот во Министерството за финансии, зграда на НИП „Нова Македонија", ул. „Мито Х. Јасмин", бб, први кат, канцеларија бр.113 или со доставување на барање по електронска пошта на горенаведената електронска адреса.

Тендерската документација може да се земе без надоместок.

Евентуални прашања или барања на појаснувања во врска со тендерската документација можат да се доставуваат на горенаведената електронска адреса. Сите одговори на поставените прашања или дадените појаснувања, без да се идентификува економскиот оператор што поставил прашање или побарал појаснување, ќе бидат доставени на сите економски оператори што подигнале тендерска документација.

За евентуалните измени на тендерската документација ќе бидат известени сите економски оператори кои подигнале тендерска документација.

Отворањето на понудите ќе биде јавно и ќе се изврши на 28.07.2010 година, во 12,00 часот, во зградата на НИП „Нова Македонија", ул. „Мито Х. Јасмин", бб, први кат, сала за состаноци.

Само економските оператори што подигнале тендерска документација, односно што го потврдиле преземањето на тендерската документација со потпис или со потврда по електронска пошта имаат право да достават понуда за учество во постапката.

Однапред благодариме на соработката.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА

КОМИСИЈАТА

Во Скопје, 30.06.2010 година

ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ,

Гордана Сусулеска Итиќ